Бр./Nr 12-1849/10

02-02-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-тата седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот број 12-4534/1 од 09.11.2021 година, оформен по доставена пријава за службеното лице ///, директор на НУ ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, за предметниот случај во тек се постапки пред други надлежни органи.

Предметот со број 12-4534/1 од 09.11.2021 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 03.11.2021 година, поднесена е пријава за службеното лице ///, директор на НУ /// и оформен е предмет број 12-4534/1 од 09.11.2021 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи дека службеното лице /// ја злоупотребил службената положба така што овозможил исплата на средства на лица кои фактички не извршувале работни задачи, овозможил ненаменско трошење на гориво и извршил преценета набавка на репроматеријали за конзервација на фрескоживопис - двете предвидени во рамки на проекти одобрени од Министерството за култура. Дополнително, во ДКСК е пријавено и дека /// овозможил пренос на сопственост на возило од /// на правното лице ///, договарајќи возилото потоа да биде купено од приватна фирма која наводно имала склучено договор за јавна набавка со НУ ///, по што конечно, возилото, чиј ополномоштен корисник во текот на целиот период бил /// и кое во текот на целиот период се чувало во НУ ///, станало сопственост на физичко лице.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за прибирање информации до Управата за финансиска полиција и до Министерство за финансии, Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата.

По доставени ургенции, од Министерство за финансии, Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата, добиен е одговор дека анонимните пријави доставени во прилог на ургенцијата биле разгледани и по истите ќе бидат преземени дејствија согласно Законот за финансиска инспекција во јавниот сектор и за исходот ќе биде доставено известување.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, за предметниот случај во тек се постапки пред други надлежни органи по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Одобрил: В.Г.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**